USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

USAID PROJECT FOR MEDIA LEGAL REFORM AND RESPONSIBLE MEDIA

ЦЕНТАР за РАЗВОЈ на МЕДИУМИ

# МОНИТОРИНГ НА СУДСКИТЕ СЛУЧАИ ЗА НАВРЕДА И КЛЕВЕТА

СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2015

ПРОГРАМА НА УСАИД ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НЕЗАВИСНИТЕ МЕДИУМИ ВО МАКЕДОНИЈА,
ПРОЕКТ ЗА ОДГОВОРНИ МЕДИУМИ И ЗАКОНОДАВНИ РЕФОРМИ ВО МЕДИУМСКАТА СФЕРА

Оваа публикација/извештај е подготвен/а од стана на Центарот за развој на медиуми со великодушна поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за Меѓународен Развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа публикација му припаѓаат на Центарот за развој на медиуми и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за Меѓународен Развој или на владата на Соединетите Американски Држави.

# МОНИТОРИНГ НА СУДСКИТЕ СЛУЧАИ ЗА НАВРЕДА И КЛЕВЕТА

**ИЗВЕШТАЈ БР. 7**

(ЈУЛИ – СЕПТЕМВРИ 2015)

ПОДГОТВИЛ:
М-Р ВЛАДИМИР МЕДАРСКИ

СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2015

# ВОВЕД

Центарот за развој на медиуми, во рамките на програмата на УСАИД за зајакнување на независните медиуми во Република Македонија и Проектот за одговорни медиуми и законодавни реформи во медиумската сфера, во периодот Јули-Септември 2015 година, ги набљудуваше судските постапки, поведени според Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, пред Основниот суд Скопје 2 Скопје.

Имајќи го предвид фактот дека Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета е од исклучително значење за слободата на изразување и слободата на медиумите во Република Македонија, како и неизвесноста од ефектите на неговата имплементација, Центарот за развој на медиуми, континуирано ги мониторира судските случаи за навреда и клевета во кои се вклучени новинари, уредници и медиуми, но и случаите во кои како странки се јавуваат и државни функционери.

Покрај директното следење на овие предмети и присуството на одржаните рочишта, ЦРМ е во постојан контакт и со Апелациониот суд во Скопје, во однос на тоа дали тој се има изјаснето по жалбените постапки за веќе донесените пресуди од Основниот суд.

Мониторингот се фокусира на спроведувањето на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, постапувањето на судиите при примената на материјалниот и процесниот закон во судските постапки, примената на праксата на Европскиот суд за човекови права, на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, како и на другите меѓународни документи и принципи за заштита на слободата на изразување.

# СУДСКИ ПОСТАПКИ ЗА НАВРЕДА И КЛЕВЕТА

Во периодот од 1 јули до 30 септември 2015 година, Центарот за развој на медиуми, пред Основниот суд Скопје 2 Скопје, следеше 24 судски предмети на 34 рочишта.

## БАВНО ПРОЦЕСИРАЊЕ НА ТУЖБИТЕ

Во периодот на кој се однесува овој извештај, пред Основниот суд во Скопје, поведени се два нови предмети за навреда и клевета, во кои како една од странките се јавуваат новинари или медиуми. За овие два нови случаи се уште нема најава за одржување подготвително рочиште. Според информациите со кои располага ЦРМ, подготвителните рочишта не се одржани затоа што судот се уште им ги нема доставено тужбите на тужените страни.

Бавното процесирање на тужбите до тужените претставува уште една причина заради која судските постапки за навреда и клевета траат премногу долго. Некои предмети се „влечат по судските ходници" и подолго од 2 години. Ваквата ситуација е спротивна на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, кој во член 22 став 1 предвидува овие постапките да бидат итни.

Како што наведовме и во претходниот извештај, одолговлекувањето на судските постапки (од поднесување тужба, до правосилно завршување) се должи пред сè на фактот што овие предмети ги водат само тројца судии, кои истовремено постапуваат и по други судски предмети поведени според друг материјален закон.

## ЗАВРШЕНИ ПРЕДМЕТИ ПРЕД ОСНОВНИОТ СУД

Во овој период на мониторинг, судот ги изработи и ги достави до странките пресудите за следниве четири предмети:

- **1. Случај П4 695/14 -** Драган Павловиќ Латас против Саше Ивановски и Друштво за продукција, промет и маркетинг Популарни Медии ДООЕЛ
- **2. Случај П4 436/14 -** Драган Павловиќ Латас против Саше Ивановски и Друштво за продукција, промет и маркетинг Популарни Медии ДООЕЛ
- **3. Случај П4 333/14 -** Сергеј Борисович Самсоненко против Спорт Инфо Медиа, Никола Ѓуровски и Стеван Цаневски
- **4.. Случај П4а 122/13 -** Миленко Неделковски против Младен Чадиковски и Добривој Будимски

Во судските случаи **П4 695/14** и **П4 436/14,** Латас го тужи Ивановски, како главен и одговорен уредник на порталот Мактел.мк и бара судот да му утврди одговорност за навреда и клевета, затоа што тужениот „во повеќе наврати и во повеќе текстови објавени на порталот Мактел.мк изнел/објавил невистинити факти и навредливи зборови, со што му ги повредил неговите чест и углед". Иако тужениот побара отфрлање на тужбата како неоснована затоа што, кај тужените не постои пасивна легитимација - Ивановски не е главен и одговорен уредник на порталот Мактел.мк, бидејќи тоа е приватна интернет страна, а не медиум и тужениот нема својство на главен и одговорен уредник, додека пак тужениот Популарни Медии ДООЕЛ не е издавач, ниту

сопственик на приватната интернет страница, туку според надлежниот регистар е регистрирана од Популарни книги ДООЕЛ Скопје - судот, и во двата предмети, делумно го усвои тужбеното барање и утврди постоење на одговорност за навреда/клевета.

Во случајот **П4 695/14** судот утврди одговорност за навреда и клевета, меѓутоа го прифати и фактот кој тужените го истакнаа во својата одбрана дека тие немаат пасивна легитимација односно не може да одговараат како главен и  одговорен уредник и како медиум. Па така, наместо како новинар - главен и одговорен уредник, судот утврди постоење на одговорност за навреда и клевета како за физичко лице.

Оваа своја одлука судот ја донел повикувајќи се на Законот за медиуми кој во член 11 ги предвидува правата и обврските на новинарите вработени во медиумите и нивната заштита, како и на измените на Законот за медиуми, со кои  електронските публикации и електронските медиуми не влегуваат во дефиницијата за медиумите како средства за јавно информирање.

Имајќи ги предвид овие одредби од Законот за медиуми, судот утврдил дека приговорот на тужените дека немаат пасивна легитимација е основан, па според тоа, не можат да подлежат на одговорност за навреда и клевета.

Меѓутоа, со примената на метеријалното право - Законот за граѓанска одговорност за навреда и клеета, судот утврдил дека во дејствијата на тужениот Ивановски, во својство на физичко лице има одговорност за клевета, бидејќи согласно член 13 и 14, секое физичко и правно лице подлежи на одговорност ако пред други лица и пред пошироката јавност објави навредливи и невистинити факти преку интернет страница или компјутерски систем. Поради тоа судот, сепак, утврдил дека кај тужениот постои одговорност за клевета, согласно член 8 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, со кој е предвидено дека за клевета одговара секој кој што за друго лице, со намера да им наштети на неговите чест и углед, пред трето лице изнесува или пренесува невистинити факти.

Врз основа на мониторингот на судската постапка, ЦРМ смета дека судот при носењето на одлуката со која се утврдува одговорност за клевета кај тужениот Ивановски, прифатил дека тужениот го напишал спорниот текст без притоа  да има доказ дека токму тој е автор на текстот. Останува да видиме дали ваквата одлука ќе биде потврдена или пак, ќе биде корегирана од повисокиот суд. Уште повеќе, ЦРМ смета дека ваквата одлука е неоснована бидејќи судот треба да го отфрли тужбеното барање затоа што, тужениот не е пасивно легитимиран и според тоа, не може да биде тужен во постапката. Со ваквата одлука, судот создава можност новинарите, вработени во интернет порталите да можат да бидат „казнувани" со многу повисоки надоместоци од оние предвидени за новинарите односно да платат нематеријална штета за клевета или навреда, повисока од 2000 евра.

И во предметот **П4 436/14** судот главно се повикува на истите законски одредби и образложенија, како и во претходниот случај, со таа разлика што во овој случај, тужениот потврдил дека спорните изјави и текстови се негови, како и дека се извинил и ги повлекол спорните текстови од порталот. Врз основа на изјавите на тужениот, како и на тоа дека извинувањето и повлекувањето на текстовите не мора да значи целосно реституирање на повредените чест и углед, судот донел одлука со која се утврдува одговорност за навреда и клевета, како и паричен надоместок за повреда на личните права на тужителот Драган Павловиќ Латас. Поради тоа што и во овој случај тужениот има вложено жалба против првостепената одлука на судот, ЦРМ со подетален коментар ќе излезе по донесувањето на одлуката од страна на Апелациониот суд.

Со Одлуката која судот ја донесе во случајот **П4 333/14,** во кои како странки се јаву-

ваат Сергеј Борисович Самсоненко против Спорт Инфо Медиа, Никола Ѓуровски и Стеван Цаневски., само ја дополнува судската пракса со добри пресуди, донесени врз основа на правилна примена на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета и меѓународните принципи и стандарди.

Во овој предмет тужителот бара од судот да утврди одговорност за навреда и клевета кај тужените и да ги задолжи да му исплатат паричен надоместок за нематеријална штета во висина од 600.000 денари, затоа што на порталот Екипа.мк објавиле невистинити факти за него со кои ги повредиле неговите чест и углед.

Според ЦРМ, судот при носењето на одлуката со која се одбива тужбеното барање како несоновано, во целост се придржувал кон правилната примена на материјалното право и на меѓународните принципи и стандарди со кои се штити слободата на изразување. Судот правилно оценил дека во објавениот текст на тужениот Ценевски нема елементи на граѓанска одговорност за навреда, бидејќи тужениот не употребил зборови кои изразуваат понижувачко мислење, а и зборовите во текстот не се објавени со цел да им се наштети на честа и угледот на тужителот. Исто така, судот при утврдувањето дали постои клевета правилно ги применил одредбите од член 8 и член 9 од Законот, и констатирал дека напишаното во спорниот текст не претставува изнесување факти, туку дека станува збор за лично мислење на тужениот кое не може да подлежи на докажување.

ЦРМ смета дека судот постапил правилно во овој случај, зашто во спротивно тоа би значело директна повреда на членот 10 од Европската конвенција за човекови права, според кој секој човек има право на слобода на изразување, слобода на мислење и слобода на примање и пренесување информации без мешање на јавната власт.

Во случајот **П4а 122/13,** тужителот Миленко Неделковски бараше од судот да утврди одговорност за клевета и навреда кај тужените Младен Чадиковски, Добривој Будимски и Владимир Тевчев, затоа што на А1 телевизија објавиле интервју со содржина во која било наведено дека „Миленко Неделковски должел плати“, со што му ги повредиле неговите лични права на чест и углед. Неделковски бараше судот да ги задолжи тужените да му исплатат вкупен износ од 600.000 денари на име нематеријална штета.

Судот и во овој случај донесе правилна одлука со тоа што го одби тужбеното барање како неосновано, затоа што во спорната содржина на текстот, тужените немале намера да изнесат невистинити факти за тужителот со намера да ги повредат неговите лични права, туку изјавата била дадена од трето-тужениот како резултат на незадоволство поради неисплатени обврски.

Врз основа на донесената одлука во овој предмет, ЦРМ смета дека судот во целост се придржувал кон правните прописи и меѓународните принципи и стандарди кои ја гарантираат слободата на изразување. Така судот правилно ги применил одредбите од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, како и член 10 од Европската конвенција.

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Во третиот квартал од 2015 година, Апелациониот суд не донесе ниту една правосилна пресуда, а Основниот суд во Скопје донесе само четири првостепени пресуди.
- Во овој период, беа поведени два нови случаи за навреда и клевета во кои странките се новинари. За овие два нови случаи се уште нема најава за одржување подготвително рочиште. Според информациите со кои располага ЦРМ, подготвителните рочишта не се одржани затоа што, судот се уште им ги нема доставено тужбите на тужените страни.
- Бавното процесирање на тужбите до тужените претставува уште една причина заради која судските постапки за навреда и клевета траат премногу долго. Некои предмети се „влечат по судските ходници“ и подолго од 2 години. Ваквата ситуација е спротивна на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, кој во член 22 став 1 предвидува овие постапки да бидат итни.
- Инаку, одолговлекувањето на судските постапки (од поднесување тужба, до правосилно завршување) се должи пред сè на фактот што овие предмети ги водат само тројца судии, кои истовремено постапуваат и по други судски предмети поведени според друг материјален закон, како и фактот дека во администрацијата на судот се вработуваат “партиски војници“ кои не се доволно обучени, наместо да се вработат лицата кои стажираа/вршеа практиканска работа во Судот.

НВО ИНФОЦЕНТАР

АНЕКС 1

# МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМИТЕ ЗА ЗАКОНОТ И СЛУЧАИТЕ ЗА НАВРЕДА И КЛЕВЕТА ПРОТИВ НОВИНАРИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

(ЈУЛИ – СЕПТЕМВРИ 2015)

ПОДГОТВИЛЕ:
ЕЛЕНА СИМОНОСКА
БИЛЈАНА БЕЈКОВА

СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2015

# ИЗВЕШТАЈ

НВО Инфоцентарот, за потребите на Програмата на УСАИД за јакнење на независните медиуми и Проектот за одговорни медиуми и законодавни реформи во медиумската сфера кој го спроведува Центарот за развој на медиуми, реализира постојан мониторинг и анализа на јавната дебата во медиумите за промената на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, како и случаите за навреда и клевета во кои се вклучени новинари и медиуми.

Во мониторингот се вклучени 16 традиционални и нови медиуми - весници: Утрински весник, Нова Македонија, Дневник, Слободен печат и Вечер; неделници: Фокус; телевизии (централни информативни емисии): Канал 5, Ситея,Телма, МРТ1 и 24 Вести, и портали: А1.он, Курир, Република, Плусинфо и НоваТВ.

Предмет на анализа се новинарските текстови и прилози, колумните, фотографиите и другите илустрации поврзани со написите и со темите вклучени во мониторингот.

Во периодот од јули - септември 2015 година, во мониторираните медиуми се регистрирани вкупно 178 новинарски написи и прилози посветени на медиумските закони и медиумските слободи, од кои само 7 посветени на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, како и на случаите за навреда и клевета во кои се вклучени новинари и медиуми.

Од објавените седум прилози, шест се извештаи од објавувањето на резултатите од анализата на Центарот за развој на медиуми, а само еден прилог е вест за тужбата на рускиот бизнисмен Сергеј Самсоненко против НоваТВ.

Ваквите бројки водат кон заклучокот дека не постои медиумски интерес за примената на Законот и неговото влијание врз слободата на изразување, и за влијанието врз функционирањето и уредувачките политики на медиумите.

Исто така, продолжува трендот на пренесување изјави и ставови на релевантни личности и институции, а воопшто и да не се објавуваат прилози со аналитичка содржина.